‚Горната рака е подобра од долната

Абдулах бин Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, раскажува: „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, еднаш додека беше на минберот и зборуваше за садаката, воздржаноста и просењето, рече: ‚Горната рака е подобра од долната – горната е таа што дава, а долната е таа што бара.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, додека држеше хутба на минберот, зборуваше за садаката и за воздржаноста од просењето, па рече: „Горната рака – онаа што дава и дели – е подобра и помила кај Аллах од долната рака – онаа што бара.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3599